*Македонка* РАДУЛОВИЌ
*Сања* МИШЕВСКА

**УДК:316.362(492)**
Изворен научен труд

# ПОЛОЖБАТА НА СЕМЕЈСТВАТА ВО ХОЛАНДИЈА

***Апстракт***

*Овој труд ја анализира положбата на семејствата во Холандија. Анализирани се бракот и врските, односно начинот на склучување и раскинување, потребните услови и слично, родителството и правата и обврските кои произлегуваат, како и генералната семејна структура на семејствата во Холандија. Со цел да се добие поширока слика за семејствата во оваа земја, направен е преглед на неколку индикатори и споредени се статистичките показатели за браковите, разводите и живородените деца од 1950 година до 2017-тата година. Главната претпоставка е дека либералното општество им овозможува на семејствата подобри услови за развој и унапредување.*

***Клучни зборови:*** *семејство, брак, развод, родителство, Холандија.*

## Вовед

Стационирана во западниот дел на Европа, се граничи со Белгија на југ и Германија на исток и Северното Море на север и запад. Вкупната површина на земјата изнесува 41 526 km$^2$. Населението е главно холандско, сочинувајќи 79,3 % од вкупното население. Тие се најголемата етничка група во земјата. Другите етнички групи кои се малцинства тука вклучуваат: Европејци кои сочинуваат 5,7 % од населението, Турци со 2,4 %, Индоевропејци со 2,3 % од населението, Мароканци со 2,2 %, Суринамисо 2,1 %, Карибјани со 0,9 %, Кинези со 0,3 % и некои други етнички групи кои ги сочинуваат преостанатите 3,9 % (World Population Review). Во 1951 година, Холандија станала членка на Европската заедница за јаглен и челик (заедно со уште пет други земји), која е претходник на Европската Унија (Радуловиќ, 2015:1). Холанѓаните имаат религиозно толерантно општество. Разликата на религиите е прифатена и евидентна низ целата земја преку разни места на обожување. Во Холандија во 2015 година, 23,7 % од популацијата се идентификуваат како римокатолици, 15,5 % се идентификуваат како протестанти, а 10,6 % се идентификуваат со некоја друга религија. Половина од населението (50,1 %) не се идентификува со ниту една религија (World Population Review). Холандија има еден од најдобрите здравствени системи во светски рамки. Исто така, таа се смета за една од најдемократските земји во светот. Кога станува збор за меѓусебните релации и форми-

рање семејство, жителите на Холандија се потполно слободни во изборот на партнер и формата на релацијата.

**Формализирање врска и раскинување на истата**

Практиките за запознавање во Холандија се слични на оние во западниот дел на Европа. Во текот на средното училиште, тинејџерите почнуваат да се дружат во групни активности со врсници од училиште или со оние кои живеат во истото соседство. Холанѓаните ги избираат своите партнери од љубов, договорените бракови не се културен обичај и не се одобрени (Scroope, 2017).

Од 1 април 2001 година, хомосексуалните и хетеросексуалните парови кои сакаат да формализираат врска, можат да изберат помеѓу три опции: граѓански брак, регистрирано партнерство или договор за соживот. Последното споменато има само правни последици за страните што го потпишале и ги опфаќа само оние прашања, за кои самите партнери сакаат да ги покрие. Договорот за соживот треба да биде составен законски од нотар. Освен овие формализирани врски, повеќе од 1,4 милиони парови живеат заедно без никаква формализација на нивната врска (Antokolskaia, Woelki). Доколку двајца партнери сакаат да стапат во брак или регистрирано партнерство треба да ги исполнуваат следниве услови: да имаат најмалку 18 години, да ја известат општината максимум една година и минимум пет недели пред датумот на церемонијата, да не се во друг брак или партнерство, да не се во крвно сродство. Бракот или партнерството може да се регистрира во која било општина во Холандија (DenHaag, 2021). Некои општини во Холандија имаат и можност за бесплатна свадба. Сепак, оваа услуга е обично достапна само во одредени часови и денови. Во големите холандски градови, термини за бесплатни свадби или невенчани партнерства честопати се резервирани месеци пред време (Xpat.nl, 2018). Во 2001 година Холандија стана првата земја во светот која дозволи стапување во брак на лица од ист пол.

Постојат три начини на раскинување брак или регистрирано партнерство: развод, законска разделба (партнерите сè уште се во брак, но не живеат заедно) и раскинување на бракот/ регистрираното партнерство после законската разделба. Кога се работи за разделба, партнерите мораат да склучат договор во кој се опфатени издржувањето на децата, заедничка пензија и други работи (Government of Netherlands).

**Семејна структура**

„Семејството“ и „семејниот живот“ не се ограничени на традиционалните концепти на семејството. Покрај традиционалното семејство на маж и жена кои се во брак и имаат деца, терминот „семејство“ се користи за да се опишат други примарни аранжмани за живеење во кои се одвива

грижата и воспитувањето на децата. На пример, семејства со самохран родител, родители кои не се во формален брак, од два спротивни пола или од ист пол се сметаат за семејства. Без оглед на составот на луѓето, штом има деца што треба да се одгледуваат, луѓето се „семејство" (Vlaardingerbroe, 1995:635).

За многу Холанѓани, потесното семејство останува важно за поединецот во текот на неговиот живот. Личните односи кои членовите на семејството ги делат и поддршката што ја добиваат едни од други, се високо-ценети. Поддршката и солидарноста, финансиски и емоционално, обично се насочени кон најблиските роднини (родители, деца и браќа и сестри) (Marres and Robben, 2006). Сепак, поединците ги ценат своите роднини и поширокото семејство. Холанѓаните често се охрабруваат да бидат независни и самостојни. Младите имаат тенденција да го напуштат домот на возраст од 18 години со цел да продолжат со високо образование или вработување. Сепак, поради недостиг на станови и зголемување на трошоците на универзитетот, многу луѓе може да продолжат да живеат со своите родители додека не се во брак. Холандските двојки имаат неолокален модел на резиденција, бидејќи паровите слободно можат да изберат каде ќе живеат (Scroope, 2017).

Направено е истражување во Холандија каде истражувани се детално 10 000 семејства и истражувачите заклучиле дека холандските семејни врски остануваат блиски. Но се поставува прашањето дали темелот на оваа семејна врска е првенствено економски.

Студијата открива дека 50 проценти од децата продолжуваат да живеат во радиус од 10 километри на нивните родители кога се возрасни. Тие се грижат за своите деца и се грижат за своите родители колку што е можно подолго, во повеќето случаи прибегнуваат кон професионална грижа кога не постои друго решение при рака. Во претходните децении, социолозите го прогласија холандското семејство за мртво. Во 1970-тите и 1980-тите години, семејството беше портретирано како старомоден, репресивен и првенствено буржоаски организациски модел.

Економски стабилните родители можат да им дозволат на своите деца да студираат подолго. Откако децата ќе почнат да работат, тие имаат помалку контакти со своите родители, но кога внуците пристигнуваат, мама и тато повторно се враќаат во игра. Бабите и дедовците се евтини и флексибилни бебиситери. И уште повеќе, тие имаат доволно време на располагање, објаснува истражувачот Фрек Бакс. Во оваа фаза, возрасните деца ги гледаат своите родители барем еднаш неделно.

Клучно време во животот на едно семејство е моментот кога децата ќе достигнат 40 години, открила истражувачот Ева Марија Мерц. Дотогаш, родителите ги поддржуваат своите деца, а потоа децата ги поддржуваат своите родители. Всушност, оваа слика на обновеното чувство за семејството ја рефлектира реалноста на релативно мал дел од општеството (Tol).

**Родители, деца, права и обврски**

Родителите мора да се грижат за детето. Ова значи дека мора да ги задоволуваат основните потреби на детето како храна, место за живеење и образование. Исто така родителот е законски застапник на детето и е одговорен за неговото однесување и живот сè додека тоа не наполни 21 година. Во холандското законодавство дефинирано е кога луѓето се сметаат за мајка и татко. Според тоа мајката е: жена која го родила детето, жена што го посвоила детето и жена која го признала детето или е прогласена за родител на детето од страна на судот. Татко е: сопругот на мајката или регистрираниот партнер во времето на раѓањето на детето, освен ако неговото татковство на детето не е одбиено, човекот кој го признал или го посвоил детето, човекот кој е прогласен за татко на детето од страна на судот (Government of Netherlands).

Просечното семејство е релативно мало, со само едно или две деца. Детето добива многу родителско внимание. Бидејќи во многу семејства се вработени и двајцата родители, децата на возраст од 6 недели и повеќе често се сместуваат во градинка кога нивните родители се на работа. Холандските практики за детско воспитување се попустливи. Децата се охрабруваат да ја откријат својата околина поединечно или со други деца. Телесното казнување е одобрено од повеќето родители. Врсничките групи се важни меѓу холандските адолесценти. Тинејџерите имаат развиено широк спектар на супкултури за да го истражат својот идентитет (Mares and Robben, 2006).

**Право на породилно отсуство**

Во Холандија жените имаат право на 16 недели платено отсуство од бременост. Породилното отсуство може да се започне 4 - 6 недели пред датумот на раѓање на бебето и трае до 10 недели после раѓањето на бебето. Доколку се очекуваат близнаци или тројки може да се добијат плус 4 недели породилно отсуство. Законски е дозволено жената да се врати на работа откако ќе заврши 6 -неделниот одмор. За време на бременоста на жената ѝ се исплаќа 100 % од нормалната плата. Тоа може да го исплаќа работодавецот или директно од институцијата за социјално осигурување. Доколку има предвремено раѓање на детето, мајката сè уште има право на целото платено отсуство. Исто така доколку детето подолг период треба да остане во болница мајката има право да земе уште максимум 10 недели породилно отсуство. Исто така и мажите имаат право на породилно отсуство после раѓањето на детето. Таткото има право на една недела платено отсуство по раѓањето, и до 6 месеци неплатено отсуство. Друг вид семејно отсуство во Холандија е родителско отсуство (Xpat.nl, 2018). Почнувајќи од 1 јули 2020 година, татковците, како и мајките во истополови партнерства, ќе добијат 5 -неделно отсуство за татковство во првите 6 месеци по раѓањето на бебето.

За период од 5 недели, партнерот ќе добие 70 проценти од неговата плата (Humaninprogress.com, 2020).

**Родителска одговорност во случај на развод или прекин на регистрирано партнерство**

Во случај на развод на брак или прекин на регистрирано партнерство и двајцата родители остануваат одговорни за грижа и воспитание на децата. Доколку едниот од нив се откажува од обврската треба да поднесе барање до судот кој на крајот решава за конечната одлука. Ако во бракот или во регистрираната заедница постои повеќе од едно дете, судот ќе ја додели родителската одговорност за секое дете самостојно. Од 12-годишна возраст, детето може да побара од судот да му ја пренесе одговорноста на одреден родител. Родителот на кого му е доделена одговорност има должност да го поддржи детето до неговиот или до нејзиниот 21 роденден. Судот треба да побара од децата на возраст од 12 и повеќе години да го дадат своето мислење кога се доделува родителска одговорност. Не постои такво барање во однос на помладите деца. Детето има право да биде сослушано, и затоа им е дадена можност да му каже на судот што мисли за одредени прашања во врска со разводот. Ако дете под 12 години бара да биде сослушано, судот ќе го повика да присуствува на расправата (Government of Netherlands).

**Посвојување**

Во 1993 година Холандија беше една од првите 66 земји што ја потпишаа Конвенцијата за прифаќање на Хаг, во која сега припаѓаат 81 земја. Сите земји членки се или земја на потекло на детето или се земји каде што живеат потенцијалните родители. Сите се согласија со правилата во врска со посвојувањето, и сите се фокусирани на најдобриот интерес на детето. Процесот на посвојување на детето може да потрае од три до пет години. Процесот ќе ги доведе потенцијалните родители во контакт со Одборот за заштита на децата, Централниот орган на Министерството за безбедност и правда и посредни организации. Тука е вклучен процесот на апликација, студијата за домот и неопходните проценки за да ги најдат најдобрите родители за секое дете. За меѓународните посвојувања постојат бројни правила и прописи. (Adoptie.nl, 2018). Секој што сака да посвои дете во Холандија мора да исполни голем број услови. Посвоителот мора да биде најмалку 18 години постар од детето кое го посвојува. Кога станува збор за посвојување дете од партнери од ист или од различен пол, двојките мора да живеат заедно најмалку 3 години кога ќе започнат со постапката за посвојување. Тие треба да го докажат ова со договор за соживот или со информации од базата на податоци за лични записи. Бракот не е услов за една двојка да посвои дете. Исто така детето може да биде посвоено од новиот партнер на

неговиот родител, само доколку партнерот живее со законскиот родител најмалку 3 години кога ќе ја започне постапката за посвојување и мора да се грижи за детето најмалку 1 година. Доколку детето е на возраст од 12 години или повеќе, мора да даде сопствена согласност за негово посвојување (Government of Netherlands).

## Тимови за деца и родители

Кога станува збор за подигање на семејството во Амстердам, тимот за родители и деца е основен извор на совети и упатства. Има повеќе од 20 тимови кои работат низ целиот град, специјализирани за низа прашања поврзани со родителството и одгледувањето. Тимовите за родители и деца опфаќаат широк спектар на прашања, вклучувајќи акушерство, грижа за мајчинство, детска здравствена заштита и образование. Примерите за специјалистички совети и услуги вклучуваат: совети за диета, курсеви за родителство и работилници кои се занимаваат со теми како што се насилство. Тимовите за родители и деца, исто така, работат со логопеди, физиотерапевти. Тимовите се грижат за деца од сите возрасти, така што услугите што се обезбедуваат не се насочени исклучиво на предучилишни деца. Многу од одредбите за оние на возраст од четири и повеќе години се обезбедени во соработка со локалните училишта (Iamsterdam, 2018).

## Индикатори поврзани со семејствата




Со сина боја е означен бројот на бракови склучени помеѓу маж и жена, а со црна боја е означен бројот на истополови бракови. (Statista, 2018)

Од податоците на графиконот се гледа дека во периодот 2007 - 2017 година не постојат некои драстични варијации во поглед на бројот на склучени бракови во Холандија. Во 2007 година биле склучени 72 485 бракови од кои 71 114 биле помеѓу хетеросексуални двојки, а 1 371 помеѓу хомосексуални двојки. Се забележува зголемување во 2008 и 2010 година каде се склучени 74 030 хетеросексуални и 1 048 хомосексуални односно вкупно 75 078 за 2008 година, а во 2010 година се склучени 74 045 хетеросексуални и 1 354 хомосексуални бракови од каде што произлегува вкупна бројка на 75 399 склучени бракови. Во 2017 година вкупно се склучени 64 402 бракови од кои 63 027 помеѓу хетеросексуални двојки и 1 375 помеѓу хомосексуални двојки.

Доколку се разгледа периодот 1950 - 2017 година може да се забележи поголема варијација во поглед на бројот на склучени бракови. Стапката на склучени бракови во Холандија е најголема во 1970-тите, во 1980-тите и 1990-тите е иста и намалена во поглед на 1970-тите, додека пак во 2015, 2016 и 2017 година е најмала и изнесува 3,8 склучени бракови на 1 000 жители.

**Разведени бракови**

| | Период | 1950 | 1955 | 1960 | 1965 | 1970 | 1975 | 1980 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Разводи | број | 6462 | 5498 | 5672 | 6206 | 10317 | 20093 | 25735 |
| Разводи на 1000 жители | | 0.64 | 0.51 | 0.49 | 0.50 | 0.79 | 1.47 | 1.82 |
| Разводи на 1000 парови | | 3.0 | 2.3 | 2.2 | 2.2 | 3.3 | 6.0 | 7.5 |
| Просечно времетраење на бракот при развод | години | 11.2 | 11.4 | 11.1 | 11.5 | 11.8 | 12.5 | 11.9 |
| Вкупно проценти на разведени бракови | % | . | . | . | . | . | 19.3 | 24.0 |
| Просечна возраст на мажи кои се разведуваат | години | 38.4 | 39.6 | 39.1 | 39.1 | 38.6 | 38.7 | 37.7 |
| Просечна возраст на жени кои се разведуваат | | 35.6 | 36.8 | 36.0 | 36.0 | 35.6 | 36.0 | 35.1 |

⇒

| | Период | 1985 | 1990 | 1995 | 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Разводи | број | 34044 | 28419 | 34170 | 34650 | 31905 | 32544 | 34232 | 33414 | 32768 |
| Разводи на 1000 жители | | 2.35 | 1.90 | 2.21 | 2.18 | 1.95 | 1.96 | 2.02 | 1.96 | 1.91 |
| Разводи на 1000 парови | | 9.9 | 8.1 | 9.7 | 9.8 | 9.1 | 9.5 | 10.1 | 9.9 | 9.7 |
| Просечно времетраење на бракот при развод | години | 12.8 | 12.7 | 12.2 | 12.9 | 13.8 | 14.4 | 14.8 | 15.0 | 15.1 |
| Вкупно проценти на разведени бракови | % | 32.2 | 28.1 | 31.7 | 33.9 | 33.4 | 36.2 | 39.6 | 39.1 | 38.8 |
| Просечна возраст на мажи кои се разведуваат | години | 39.6 | 40.1 | 40.4 | 41.9 | 43.7 | 45.6 | 46.9 | 47.3 | 47.4 |
| Просечна возраст на жени кои се разведуваат | | 36.5 | 37.2 | 37.7 | 39.0 | 40.7 | 42.5 | 43.7 | 44.0 | 44.2 |

Од табелата се гледа дека бројот на разводите во Холандија значително се зголемува од година во година. Во 1950 година бројот на разводи изнесувал 6 462 а во 2017 изнесува 32 768 разводи. Стапката на разводи во Холандија во 2017 изнесува 1,91 на 1 000 жители. Споредено со Република Македонија во 2017 стапката на разводи изнесувала 6,6 разведени бракови на 1 000 жители (Државен завод за статистика). Средната стапка на разводи во ЕУ за 2017 изнесува 2,2 разводи на 1 000 жители (Eurostat).

**Број на живородени деца**

| | Живородени деца вкупно | Наталитет | Генерална стапка на фертилитет | Вкупно живородени деца | машки | женски | Машки на 1000 женски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| период | број | На 1000 жители | На 1000 | број | број | број | На 1000 женски |
| 1950 | 229 718 | 22,7 | 90,5 | 229 718 | 118 521 | 111 197 | 1 066 |
| 1955 | 229 222 | 21,3 | 88,5 | 219 222 | 117 588 | 111 624 | 1 053 |
| 1960 | 239 128 | 20,8 | 89,0 | 239 128 | 122 796 | 116 332 | 1 056 |
| 1965 | 245 216 | 19,9 | 84,1 | 245 216 | 126 064 | 119 152 | 1 058 |
| 1970 | 238 912 | 18,3 | 77,0 | 238 912 | 122 330 | 116 582 | 1 049 |
| 1975 | 177 816 | 13,0 | 53,6 | 177 876 | 91 090 | 86 786 | 1 050 |
| 1980 | 181 249 | 12,8 | 50,5 | 181 294 | 92 948 | 88 346 | 1 052 |
| 1985 | 178 136 | 12,3 | 46,6 | 178 136 | 91 027 | 87 109 | 1 045 |
| 1990 | 197 965 | 13,2 | 49,9 | 197 965 | 101 561 | 96 404 | 1 053 |
| 1995 | 190 513 | 12,3 | 47,3 | 190 513 | 97 560 | 92 953 | 1 050 |
| 2000 | 206 619 | 13,0 | 52,4 | 206 619 | 105 637 | 100 982 | 1 046 |
| 2005 | 187 910 | 11,5 | 48,0 | 187 910 | 96 338 | 91 572 | 1 052 |
| 2010 | 184 397 | 11,1 | 48,0 | 184 397 | 94 129 | 90 268 | 1 043 |
| 2015 | 170 510 | 10,1 | 45,4 | 170 510 | 87 427 | 83 083 | 1 052 |
| 2016 | 172 520 | 10,1 | 46,0 | 172 520 | 88 587 | 83 933 | 1 055 |
| 2017 | 169 836 | 9,9 | 45,2 | 169 836 | 87 159 | 82 677 | 1 054 |

(Statista, 2018)

Од табелата може да се заклучи дека бројот на живородени деца со текот на годините во Холандија се намалува. Најголем број на живородени деца се забележува во 1950 година и тоа 229 718 живородени деца. Од оваа

година бројот на живородени деца почнува постепено да се намалува. Во 2017 година бројот на живородени деца изнесува 169 836 деца, и претставува најмал број во однос на изминатите години. Стапката на живородени деца за 2017 изнесува 9,9 живородени деца на 1 000 жители. Споредбено со Република Македонија стапката на живородени деца за 2017 изнесува 10,5 (Државен завод за статистка). Додека пак просечна стапка на живородени деца во Европската Унија во 2017 изнесува 5,06 (Eurostat).

**Заклучок**

Холандија како земја членка на Европската Унија се чини дека има многу голем придонес во создавањето на едно либерално општество. Семејните практики и активности придонесуваат таа да изгради едно општество во кое семејството претставува важен сегмент од животот на луѓето. Според УНИЦЕФ, најсреќни деца се децата кои живеат во Холандија поради низата на активности и бенефиции кои им ги овозможува државата како детската заштита, семејниот додаток, тимовите кои служат за едукација и решавање семејни проблеми и потреби (Today, 2017). Индивидуализмот и слободата кои ги овозможуваат законите на државата се клучен дел во развојот на децата и нивните дејствувања како возрасни личности. Стапката на незаинтересираност во поглед на религијата придонесува холандското општество да нема меѓуетнички тензии и конфликти. Исто така прифаќањето на истополовите бракови е индикатор за недостаток на дискриминација врз оваа популација.

**Литература:**

Adoptie.nl. *Adoptievoorzieningen.* [online] Adoptievoorzieningenvorlichting, nazorgen consultative. Достапно на: https://adoptie.nl/ [Пристапено на 18 ноември. 2018].

Antokolskaia, M and Woelki, K. *Dutch family law in the 21ST century: trend-setting and straggling behind at the same time.* [pdf]. Достапно на https://www.ejcl.org/64/art64-5.pdf [Пристапено на 28 мај. 2021].

DenHaag, M. (2021). *Register an intended marriage or registered partnership.* [online] The Hague. Достапно на: https://www.denhaag.nl/en/marriage-and-partnership/register-an-intended-marriage-or-registered-partnership.htm [Пристапено на 28 мај. 2021].

Europa.eu, (2018). *Eurostatat.* [online] Достапно на: https://ec.europa.eu/eurostat [Пристапено на 18 ноември. 2018].

Government.nl. *Arranging a divorce, legal separation or termination of a registered partnership.* [online] The Government of Netherlands. Достапно на: https://www.government.nl/topics/divorce-separation-and-termination-of-registered-partnership/divorce-legal-separation-or-termination-of-a-registered-partnership [Пристапено на 28 мај. 2021].

Government.nl. *Condition for adopting a Dutch child.* [online] The Government of Netherlands. Достапно на: https://www.government.nl/topics/adoption/adopting-a-dutch-child [Пристапено на 18 ноември. 2018].

Government.nl. *Parental responsibility after divorce or termination of registered partnership.* [online] The Government of Netherlands. Достапно на: https://www.government.nl/topics/divorce-separation-and-termination-of-registered-partnership/arrangements-concerning-the-children/parental-responsibility-for-children-after-split-up [Пристапено на 18 ноември. 2018].

Government.nl. *What are the legal rightsand duties of parents*?.[online] The Government of Netherlands. Достапно на: https://www.government.nl/topics/family-law/question-and-answer/legal-rights-duties-parents [Пристапено на 18 ноември. 2018].

Humaninprogress.com, (2020). *Paternity leave/Partner leave.* [online] Достапно на: https://humaninprogress.com/expanded-parental-leave-netherlands/ [Пристапено на 28 мај. 2021].

Iamsterdam.com. *Parent and child center*. Достапно на: https://www.iamsterdam.com/en/living/everyday-essentials/family-and-education/parent-and-child-centre [Пристапено на 18 ноември. 2018].

Mares, D and Robben, A. (2006). *The Netherlands*. [online] Everyday Culture. Достапно на: https://www.everyculture.com/Ma-Ni/The-Netherlands.html#ixzz5WylqCeoO [Пристапено на 18 ноември. 2018].

Scroope, C. (2017). *Dutch culture.* [online] Culture Atlas. Достапно на: https://culturalatlas.sbs.com.au/dutch-culture/dutch-culture-references#dutch-culture-references [Пристапено на 18 ноември. 2018].

Statista.com, (2018). *Statista*. [online] Достапно на: www.statista.com [Пристапено на 18 ноември. 2018].

Stat.gov.mk, (2018). *Државен завод за статистика.* [online] Достапно на: https://www.stat.gov.mk/ [Пристапено на 18 ноември. 2018].

Tol, M. *Family life in Netherlands: strong and economic ties*. [online] Expatica. Достапно на: https://www.expatica.com/nl/living/family/family-life-in-the-netherlands-103474/ [Пристапено на 18 ноември. 2018].

Today, (2017). *Dutch Children Deemed The Happiest In The World By UNICEF.* [video]. Достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=HUzxzf2UDfE [Пристапено на 18 ноември. 2018].

Vlaandingerbroeg, P. (1995). Marriage, Divorce, and Living Arrangements in the Netherlands. *Family Law Quarterly*, [online] Vol. 29, No.3, pp.635-644. Достапно на: https://www.jstor.org/stable/25740053?seq=1 [Пристапено на 28 мај. 2021].

Worldpopulationreview.com, (2021). *Netherlands population*. [online] World Popilation Review. Достапно на: https://worldpopulationreview.com/countries/netherlands-population [Пристапено на 28 мај. 2021].

Xpat.nl, (2018).*Getting merried in the Netherlands*. [online] Достапно на:https://www.xpat.nl/living-netherlands/family-matters/marriage/ [Пристапено на 18 ноември. 2018].

Xpat.nl, (2018). *Mathernity leave in the netherlands*. [online] Достапно на: https://www.xpat.nl/living-netherlands/family-matters/maternity-leave-netherlands/ [Пристапено на 18 ноември. 2018].

Радуловиќ, М. (2015). *Семејството во стратегиите на ЕУ (скрипта).* Скопје: Филозофски факултет.